# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 26/2019 Пробиштип 11.07.2019 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.26 одржана на ден 10.07.2019 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност за формирање на паралелкисо помал број на ученици од ООУ Браќа Миладиновци за учебната 2019/2020 бр. 26-661/3,
2. Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од ООУ Никола Карев за учебната 2019/2020 бр. 26-661/4,
3. Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статут на ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-661/5,
4. Одлука за давање согласност на одлука за определување на населено место за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената на услугата во село Стрмош бр. 26-661/6,
5. Одлука за давање согласност на одлука за определување на населено место за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената на услугата во село Неокази бр. 26-661/7,
6. Одлука за давање согласност на одлука за набавка на возило бр. 26-661/8,
7. Одлука за измена на распоредот на средста во Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-661/9,
8. Одлука за утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура,, во Пробиштип,, бр. 26-661/10,
9. Заклучок за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани Леговец Ленд Пробиштип бр. 26-661/11,
10. Финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Пробиштип за период 01.01.2019 до 30.06.2019 бр. 26-661/12.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-661/14
11.07.2019 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 41 став 5 и 6 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 10.07.2019 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип бр. 03-290/1 од 28.06.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки**
**со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2019/2020 година**

**Член 1**

***СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ*** на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во учебната 2019/2020 година и тоа во:

**ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип:**

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| 1а | 20 |
| 1б | 20 |
| 2а | 21 |
| 2б | 19 |
| 3а | 17 |
| 3б | 16 |
| 4а | 22 |
| 4б | 22 |
| 5б | 22 |
| 6а | 20 |
| 6б | 20 |
| 6в | 20 |
| 7а | 16 |
| 7б | 16 |
| 7в | 15 |
| 8а | 17 |
| 8б | 17 |
| 8в | 16 |
| 9а | 19 |
| 9 б | 18 |

**ПУ Злетово**

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| $1^1$ | 22 |
| $2^1$ | 15 |
| $3^1$ | 13 |
| $4^1$ | 23 |
| $5^1$ | 21 |
| $6^1$ | 22 |
| $7^1$ | 19 |
| $8^1$ | 13 |

| | |
|---|---|
| $8^2$ | 12 |
| $9^1$ | 16 |
| $9^2$ | 15 |

**ПУ нас.Пробиштип**

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| 1 | 10 |
| 2 | 8 |
| 3 | 20 |
| 4 | 7 |
| 5 | 16 |

**ПУ с.Ратавица**

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 3 ученици,
- 1 (една) комбинирана паралелка од четврто до петто одделение со 4 ученик.

**ПУ с.Добрево**

- 1 (една) паралелка од второ одделение со 1 ученици.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 41 став 5 и 6 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 10.07.2019 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип бр. 03-331/1 од 19.06.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки**
**со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за**
**учебната 2019/2020 година**

**Член 1**

*СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ* на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во учебната 2019/2020 година и тоа во:

**ООУ Никола Карев -Пробиштип** :

| Паралелк | Iа | Iб | IIб | IIIа | IIIб | Vа | Vб | VIа | VIб | VIIа | VIIб | VIIв | VIIIа | VIIIб | IXа | IXб | IXв |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | 18 | 18 | 23 | 22 | 22 | 23 | 22 | 17 | 17 | 19 | 18 | 17 | 23 | 23 | 16 | 16 | 16 |

**ПУ с. Стрмош:**

| Паралелка | Паралелка II одд. | Паралелека IV одд. |
|---|---|---|
| Ученици | 2 | 1 |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005 ), а во врска со член 19 став 4 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и 104/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 10.07.2019 година, расправајќи по изменувањето и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-129/1 од 11.06.2019 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***

**За давање согласност на изменувањето и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип**

Член 1

Се дава согласност на изменувањето и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-129/1 од 11.06.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е изменувањето и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-129/1 од 11.06.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002), и член 11 став 1 точка 5 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип расправајки по барањето согласност на ЈКП Никола Карев Пробиштип на Одлуката за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Стрмош бр. 02-524/1 од 03.07.2019 година, на седницата одржана на ден 10.07.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласнсост на Одлуката за за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Стрмош**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Стрмош бр. 02-524/1 од 03.07.2019 година донесена од УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Стрмош бр. 02-524/1 од 03.07.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002), и член 11 став 1 точка 5 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип расправајки по барањето согласност од ЈКП Никола Карев Пробиштип на Одлуката за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Неокази бр. 02-523/1 од 03.07.2019 година, на седницата одржана на ден 10.07.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласнсост на Одлуката за за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Неокази**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Неокази бр. 02-523/1 од 03.07.2019 година, донесена од УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за за определување на населено место за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад и утврдување на цената за услугата во с.Неокази бр. 02-523/1 од 03.07.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002), и член 11 став 1 точка 5 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип расправајќи по Барањето согласност на Одлуката за набавка на возило од ЈКП Никола Каев Пробиштип бр. 02-525/1 од 03.07.2019 година, на седницата одржана на ден 10.07.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласнсост на Одлуката за набавка на возило**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за набавка на возило бр. 02-525/1 од 03.07.2019 година донесена од УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за набавка на возило бр. 02-525/1 од 03.07.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 10.07.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| Е00 СОВЕТ НА ОПШТИНА | | | | | |
| 425990 Др.договорни услуги | - 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 Трансфери за пензионирање | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година.

Број 26-661/9
10.07.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 13/2019), а во врска со одржување на манифестацијата „Недела на спорт и култура 2019",Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 10.07.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Недела на спорт и култура 2019"**

*Член* 1

Согласно Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2018 година бр.26-1032/10 од 30.11.2018 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.17/2018) се утврдува дека манифестацијата „Недела на спорт и култура 2019" ќе се одржи во деновите 23 - 28.08. 2019 година на повеќе локации во центарот на градот. Конкретно на секундарниот плоштад ќе се одржат манифестациите Вечер со македонски забавни изведувачи (26.08.) и Вечер со Балканска ѕвезда (27.08.) 2019 година.

*Член* 2

За одржување на оваа манифестација од страна на општина Пробиштип предвидени се 8 локации за поставување на угостителска опрема секоја во површина до најмногу 150 $м^2$.

*Член* 3

Цените за закуп на локациите ќе изнесуват 30.000,00 денари, а цената за закуп на тезга ќе изнесува 1.000,оо денари за трите дена (за секои 2$м^2$ површина). Во цената ќе бидат вкалкулирани трошоците за струја и за закуп на простор.

*Член* 4

Начинот на издавање на локации и тезгите: По пат на лицитација ќе бидат распоредени локациите. Странките се обврзуваат да склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат меѓусебните права и обврски.

Член 5

Средствата собрани од издавање на локации и тезги за време на одржувањето на манифестацијата „Недела на спорт и култура" се приход на општина Пробиштип и истите

ќе бидат искористени строго наменски за подмирување на дел од трошоците кои ќе настанат на манифестацијата „Недела на спорт и култура 2019“.

Член 6

Оваа одлука стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) постапувајќи барањето од Здружението на граѓани Леговец Ленд Пробиштип бр. 26-617/1 од 17.06.2019 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 10.07.2019 година донесе следната:

**ЗАКЛУЧОК**
**За одобрување на финансиски средства на Здружението на граѓани Леговец Ленд Пробиштип**

Член 1

1. Барањето од Здружението на граѓани Леговец Ленд Пробиштип бр. 26-617/1 од 17.06.2019 година за финансиска и логистичка подршка на настанот Леговец Ленд 2019 Пробиштип делумно се прифаќа и се одобруваат:
- 29.000,00 денари финансиски средства како помош за организирање на настанот Леговец Ленд 2019 Пробиштип,
- Логистичка подршка со обезбедување на агрегат/генератор за електрична енергија и 15 парчиња полициска / безбедносна ограда.

2. Заклучокот влегува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-661/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
10.07.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 10.07.2019 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година**

Член 1

Се усвојува финансискиот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-661/12
10.07.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.